[2] *Рамноправна распределба на буџетот (Gender Budgeting): "Рамноправна распределба на буџетот претставува примена на пропагирањето на полова еднаквост во процесот на планирање на буџетот. Тоа значи дека буџетската проценката врз база на половите, треба да ја земе во предвид половата припадност на сите нивоа на буџетско планирање, при што треба да се изврши реструктуирае на буџетскиот план, во корист на половата еднаквост"*

обезбедувач и посредник за услужна дејност, регулатор и планер и како работодавец.

УЛОГА НА ПОЛИТИКАТА

Член 2 - Политичка застапеност

(1) Потписникот ги признава еднаквите права на мажите и жените за гласање, за кандидирање и раководење со избрани институции.

(2) Потписникот ги признава еднаквите права на мажите и жените да земат учество во формулацијата и имплементацијата на повелбата, да водат јавна установа и да извршуваат било каква јавна функција, на било кое ниво на власт.

(3) Потписникот ги признава принципите на балансирана застапеност во сите избрани и одлучувачки структури.

(4) Потписникот се обврзува да ги превземе сите потребни мерки за поддршка на претходно споменатите права и принципи, вклучувајќи:

- Охрабрување на жените да се регистрираат за гласање, да ги научат своите гласачки права и да се кандидираат за избори

- Охрабрување на политичките партии и групи да ги усвојат и имплементираат принципите на подеднаква застапеност на половите

- Да се охрабрат политичките партии и групи да превземат правни мерки, вклучувајќи прифаќање на соодветни нормативи, со цел да се зголеми бројот на жени кандидатки како и на избрани женски претставници.

- Да се регулира спроведувањето на сопствените процедури и стандарди, на тој начин да потенцијалните кандидати и избрани претставници не бидат обесхрабрени од стереотипните форми на однесување, обраќање или во краен случај малтретирање.

- Превземање на чекори за прилагодување на приватниот, професионалниот и јавниот живот на избраните претставници, на пример преку контрола на работниот распоред, работните методи и достапноста.

(5) Потписниците на повелбата се обврзуваат да ги промовираат и применуваат принципите на рамноправност на половите во своите процеси на донесување одлуки, како и во консултациите и состаноците со надворешни субјекти.

Всушност, секаде онаму каде што власта смета дека средината ги загрозила правата на полова еднаквост, треба да ги наметне овие принципи во корист на помалку-истакнатиот, односно запоставениот пол.

(6) Тоа уште повеќе ги обврзува да се осигураат дека ниедна политичка или јавна должност на народните претставници, не е забранета или сметана за ненормална улога на припадник на едниот пол, поради конзервативните сваќања.

Член 3 - Учевство во политичкиот и јавниот живот

(1) Потписникот, како основен демократски принцип, го признава правото на граѓаните да земат активно учевство во спроведувањето на јавните случувања, така што и мажите и жените имаат право на подеднакво учевство во јавниот и управниот сектор во својот регион, општина или локална заедница.

(2) Потписниците се обврзуваат да обезбедат подеднакво учевство на обата пола во сите јавни дејности, на пример преку здруженија за советување, застапници, практични вежби за вклучување во процесите и други активности. Онаму пак, каде овие методи ќе се покажат како неефикасни, ќе мора да се изработат и тестираат нови.

(3) Потписникот се обврзува да промовира активно учевство во јавниот и политичкиот живот, на мажите и жените од сите области на заедницата, особено на припадниците на малцинствата, за кои постои најголема веројатност да бидат исклучени од процесот

Член 4 - Јавно залагање за еднаквост

(1) Потписникот, како демократски лидер и претставник на својата заедница и територија, треба јавно да се изнесе дека се обврзува на принципите за полова еднаквост во локалниот живот, вклучувајќи:

- Званична објава дека е потпишана повелбата од страна на потписникот, пропратена со дебата за нејзиното усвојување од страна на највисокото тело

- Гарантирање за исполнување на обврските наметнати со повелбата и континуирано јавно известување за напредокот во имплементацијата на Акциониот план за еднаквост

- Гаранција дека потписникот и неговите избрани членови ќе се придржуваат и ќе воведат стандарди за добро однесување во врска со половата еднаквост

(2) Потписникот ќе го искористи својот демократски мандат да ги охрабри останатите политички и јавни институции, приватни установи, јавни граѓански здруженија, да превземат мерки

за остварување на рамнопрвност помеѓу половите.

Член 5 - Соработка со партнерите во промовирањето еднаквост

(1) Потписникот се обврзува да соработува со сите свои партнери од приватниот и јавниот сектор, како и организации на граѓанско општество, со цел промовирање полова еднаквост во сите аспекти на животот, во рамките на нивната дејност. Поконкретно, се бара сорботка со неговите социјални патрнери.

(2) Потписникот ќе ги консултира своите партнери и соработници, вклучувајќи ги и социјалните организации во подготовката и проверката на Акциониот план за еднаквост, како и во други активности поврзани со половата еднаквост.

Член 6 - Справување со стереотипите

(1) Потписникот на повелбата се обврзува да се спротивстави и колку што може да ги спречи предрасудите, појавите и употребата на комуникација и однесување базирани на идејата за супериорност или инфериоирност на било кој од половите или на конзервативните сваќања за улогите на мажот и жената.

(2) Потписникот треба да се осигура дека неговите јавни и интерни комуникации се во потполна согласност со повелбата и дека тие промовираат позитивни примери во однос на половата еднаквост.

(3) Потписникот, исто така, ќе им помогне на своите вработени, преку тренинзи и други активности да ги открие и елиминира стереотипните појави и да ги регулира стандардите на однесување.

(4) Потписникот ќе спроведе активности и кампањи за подигање на свеста за штетната улога на половите стереотипи во борбата за постигнување на полова еднаквост.

Член 7 - Добра администрација и консултација

(1) Потписникот го признава правото на мажите и жените подеднакво да си ја вршат работата, непристрасно, фер и во разумно време, вклучувајќи:

- Правото да бидат сослушани, пред донесување на било каква одлука што директно би можела да им наштети
- Должност на надлежните да ги образложат причините за свите одлуки
- Правото на релевантни информации за предметите што ги инволвираат самите нив.

(2) Потписникот потенцира дека, во текот на своите активности, квалитетот на принципите и одлучувањето ќе се подобрат, доколку сите кои би биле инволвирани имаат можност да бидат сослушани и дека е многу важно да, на обата пола, им е овозможено подеднакво ниво на пристап до релевантни информации и подеднаква шанса за одлучување.

(3) Затоа потписникот се обврзува на ги превземе следите чекори:

- Осигурање дека договорот за информирање ги вклучува потребите на двата пола, вклучувајќи ги и нивниот респективен пристап до информациите и комуникационите технологии
- Осигурање дека во рамките на консултации, ставовите на помалку битните субјекти се подеднакво вреднувани во самиот одлучувачки процес и дека се превземени позитивни чекори за остварување на еднаквоста
- Спроведување, каде што е можно, посебни консултациони активности за жените.

ОСНОВНА РАМКА ЗА ЕДНАКВОСТ

Член 8 - Основни обврски

(1) Потписникот, во соработка со своите надлежни органи, ќе ги признае, респектира и промовира релевантните права и принципи за полова еднаквост и ќе ги совлада разликите и половата дискриминација.

(2) Сите обврски изнесени во оваа повелба се имплементираат само онаму каде што нивните аспекти се совпаѓаат со законските одредби.

Член 9 - Полова поценка

(1) Потписникот се обврзува, во својот делокруг да изврши полова проценка, според правилата на повелбата.

(2) За оваа цел потписникот се обврзува да изработи програма за имплементација на полова проценка, во согласност со своите приоритети, ресурси и распоред, која би се вклучила во Акциониот план за еднаквост.

(3) Половата проценка би ги вклучила следните чекори:

- Преглед на сите постоечки правила, процедури, навики и обем на нивна примена, за да се процени дали содржат било каква дискриминација, без разлика дали се базирана на половите стереотипи или е поврзана со било какави специфични потреби на мажите и жените
- Преглед на распределбата на финансиски и други ресурси за претходно-наведите намени
- Одредување кои се приоритетите и целите како би се покренале прашања што би

произлегле од прегледот, како и идентификација на напредокот во услужната дејност

- Обврзување дека, уште во раната фаза ќе се изврши проценка на сите поважни предлози за нови амандмани, процедури и измени во распределбата на ресурсите, за да се открие нивното потенцијално влијание врз машкиот и женскиот пол и да се направат завршните одлуки за оваа проценка

- Да се разгледаат потребите и барањата на оние што искусиле повеќекратна дискриминација или нетолеранција

Член 10 - Континуирана дискриминација или нетолеранција

(1) Потписникот се обврзува дека ќе забрани било каков облик на дискриминација во однос на пол, раса, етничка или социјална припадност, потекло, јазична група, религија или верувања, политички или други ставови, припадност на малцинство, имот, хендикеп, возраст или сексуална определба.

(2) Потписникот понатаму констатира дека и покрај ваквата забрана, многу мажи и жени страдаат од континуирана дискриминација или нетолеранција, вклучувајќи и социо-економски нарушувања кои директно влијаат на нивната можност да ги уживаат останатите права утврдени со оваа повелба.

(3) Потписникот се обврзува, во рамките на своите надлежности да ги превземе сите разумни чекори за спречување на ефектот на континуирана дискриминација и нарушувања вклучувајќи и:

- Да се осигура дека појавата на континуирана дискриминација и нарушувања се вметнати во рамките на Акциониот план за еднаквост и во половата проценка.

- Да се осигура дека проблемите што произлегуваат од континуиранат дискриминација и нарушувања се земаат во предвид при планирањето конкретни акции и мерки според начелата на оваа повелба

- Обврзување дека ќе бидат спроведени јавни кампањи за информирање со цел спречување на стереотипите и промоција на еднаков третман за сите припадници на машкиот и женскиот пол кои би можеле да бидат полово дискриминирани

- Превземање на специфични мерки за излегување во пресрет на потребите на мажите и жените доселеници

УЛОГАТА НА РАБОТОДАВЕЦОТ
Член 11

(1) Потписникот, во улога на работодавец го признава правото на еднаквост на половите, во однос на сите аспекти на вработувањето, вклучувајќи работна организација и работни услови.

(2) Потписникот го признава правото на усогласување на професионалниот, социјалниот и приватниот живот, како и правото на сигурност и достионственост на работното место.

(3) Потписникот се обврзува да превземе соодветни мерки, вклучувајќи позитивни акции во рамките на своите правни можности, за поддршка на овие права.

(4) Мерките на кои се однесува точка (3) вклучуваат:

(a) преглед на сите релевантни прописи и процедури кои се однесуваат на вработувањето во рамките на сопствената организација и на развојот и имплементацијата на делот од Акциониот план за еднквост, поврзан со вработувањето, за да се потенцираат разликите во одреден временски период и меѓувремено залагање за:

- Рамноправна заработка и подеднаква плата за исти работни позиции

- Договори за проценка на платите, бонусите, системите за наплата и пензиите

- Мерки за обезбедување на транспарентни и фер промоции и можности за напредување во кариерата

- Мерки за осигурување на рамноправна застапеност на мажите и жените на сите нивоа, со посебен акцент на дисбалансот во повискоите раководни нивоа

- Мерки за спречување на било каква полова дискриминација во смисла на работна позиција и охрабрување на вработените да завземат работни места кои не се вообичаени за нивниот пол
- Мерки за обезбедување на праведни вработувања
- Мерки за обезбедување на соодветни, здрави и сигурни работни услови
- Процедури за консултации со вработените и нивните здруженија со цел да се обезбеди рамноправно учевство на мажите и жените во сите консултациони или преговарачки тела

(b) да се потенцира дека омаловажување и малтретирање на спротивниот пол на работното место е крајно неприфатливо, преку поддршка на жртвите, преку воведување и употреба на транспарентни принципи за справување со виновниците и подигање на свеста за овие проблеми;

(c) Стремеж кон таква работна сила која би ја рефлектирала социјалната, економската и културната разновидност на локалното население, на сите организациони нивоа;

(d) Поддршка за усогласување на професионалниот, социјалниот и приватниот живот преку:

- Воведување на принципи кои дозволуваат транспарентност на работните време во согласност со потребите на вработените,

- Охрабрување на мажите да го користат своето право да земат слободни денови за да се грижат за други лица.

ЈАВНИ НАБАВКИ И ДОГОВОРИ

Член 12

(1) Потписникот се согласува, при извршувањето на своите задачи и обврски во делот на јавните набавки, вклучувајќи ги и договорите за навабка на продукти, пружање услуги или останати активности кои се составен дел pri izvr{uvawe na rabotnite aktivnosti, да ја применува обврската за промовирање на еднаквоста на половите.

(2) Потписникот е свесен дека оваа обврска е од огромно значење, посебно делот каде се предлага ангажирање на друг правен ентитет во делот пружање важни услуги на граѓаните, за што потписникот на договорот законски е обрзан. Во вакви случаи, потписникот ќе се осигури дека правното лице со кое ќе склучи договор ќе ги запазува и промовира принципите на полова еднаквост помеѓу мажите и жените, исто како што тоа би го направил потписникот.

(3) Потписникот се согласува да ги имплементира следниве чекори:

(a) Во секој склучен договор да се имаат предвид соодветните импликации за полова еднаквост и можностите за законско промовирање на еднаквоста.

(b) Да се осигури дека специфичностите на секој договор ја земаат во предвид еднаквоста на половите.

(c) Да се осигури дека останатите услови и принципи содржани во договорите, ја запазуваат еднаквоста помеѓу мажите и жените.

(d) Да се искористи законската регулатива во рамките на Европската Унија во делот за јавните набавки, за воспоставување на соодветни социјални еднаквости.

(e) Да се создаде одговорност кај вработените и советниците задолжени за јавни набавки, како тие би ја применувале димензијата за рамноправнст помеѓу половите во нивната работа, преку соодветни обуки на таа тема.

(f) Да се осигури дека основниот договор вклучува и барања подизведувачите да ја промовираат и применуваат на еднаквоста на половите.

ПРУЖАЊЕ УСЛУГИ

Член 13 - Образование и постојано учење

(1) Потписникот го признава правото сите луѓе да можат да се едуцираат, i ponatamu konstatira deka сите граѓани imaat pravo да направат дополнителни чекори во таа насока, odnosno да продолжат со своето образоваие или да посетуваат одредени специјализирани курсеви. Potpisnikot ја знае виталната улога koja ja ima образованието во сите фази на животот, za стекнување na potrebnite основни вештини, kako и za стекнување нови можности за професионалеи стру~ен развој.

(2) Потписникот, во рамките на своите можности, промовира и се грижи за еднаков пристап до образование на мажите и жените, девојчињата и момчињата.

(3) Потписникот знае дека треба да се елиминираат сите стереотипи за улогата на мажите и жените во нивната едукација. Со цел ова да се постигне, потписникот прифаќа, како што е соодвтено да ги промовира следниве мерки:

- Ревизија на едукативните материјали, училишните и други програми, како и методи на учење, како би се елиминирале стереотипните однесувања и практики.
- Превземање на специфични акции за поттикнување на нетрадиционални професионални избори
- Посебен акцент, во рамките на курсевите за едукација на граѓаните, на елементите кои ја нагласуваат важноста за еднакво учество на мажите и жените во демократските процеси.

(4) Потписникот na dogovorot znae дека начинот на кој училиштата и други образовни институции се управувани, е важен модел за децата и младите луѓе. Затоа, се промовира балансирано учество на жените и мажите на сите нивоа во менаџирањето на училиштата.

Член 14 - Здравство

(1) Потписникот го респектира правото сите лица да можат да воспостават високи стандарди na физичко и ментално здравје, се афирмира пристап до добра здравствена нега и медицински третмани, како и се нагласува важноста од превентивна здравствена грижа за жените и мажите.

(2) Потписникот na dogovorot znae дека при залагањето за еднакви можности на мажите и жените во областа на здравството, медицинските и здравствените услуги мора да se имаат во предвид нивните различни потреби. Различните потреби, не се резултат само на нивните биолошки разлики, туку и резултат на животните и работните услови, како и од стереотипните однесувања и претпоставки.

(3) Потписникот се обврзува дека ќе ги превземе сите разумни мерки, секако во рамките на обврските кои ги има, дека ќе промовира и ќе се грижи да се применуваат највисоки нивоа на добра здравствена заштита за своите граѓани. За таа цел, потписникот се согласува да ги промовра следниве мерки:

- Инкорпорирање на пристапот на полова еднаквост во планирањето и пружање на здравствени и медицински услуги.

- Осигурување дека активностите за промовирање на здравствената заштита, вклучувајќи ги и оние кои поттикнуваат балансирани здравствени диети и ја нагласуваат важноста од физичката активност, се свесни за различните потреби на жените и мажите.

- Здравствените работници, вклучувајќи ги и оние кои се инволвирани во здравствени кампањи, ги имаат во предвид различните искуства на мажите и жените кон медицинската и здравствена нега.
- Се води грижа мажите и жените да имаат пристап до соодветни здравствени информации

Член 15 - Социјална заштита и услуги

(1) Потписникот знае дека секој треба да има пристап до потребните социјални услуги, и да му се обезбедува социјална заштита во случај тоа да е потребно.

(2) Потписникот prifaќa дека мажите и жените може да имаат различни потреби зависно од различните социо-економски услови и други фактори. Затоа, за да се осигуи дека мажите и жените имаат еднаков пристап до социјалната грижа и социјалните услуги потписникот ќе се погрижи за:

- Инкорпорирање на пристапот на полова еднаквост во планирањето и обезбедување социјална грижа и пружање социјални услуги.
- Потписникот ќе се осигури дека инволвираните страни одговорни за социјална заштита и услиги, ги имаат во предвид различните ставови како и различните искуства на мажите и жените во поглед на таквата заштита.

Член 16 - Грижа за децата

(1) Потписникот ја признава есенцијалната улога на квалитетна грижа за децата, достапна на сите родители и негователи, независно од нивната финансиска ситуација, учествува во промовирање на вистинска еднаквост помеѓу жените и мажите, и им овозможува усогласување на нивната работа, јавен и приватен живот. Договорната страна, исто така ја признава дека таквата грижа за децата придонесува за економскиот и социјалниот живот како и за локалната заедница и општеството во целина.

(2) Потписникот се обврзува да ја промовира таквата грижа за децата, директно или преку други даватели на услуги, како една од своите приоритети. Ги охрабрува и останатите да се залагаат за квалитетна грижа за децата, вклучувајќи ги и локалните работодавачи, или со нивна поддршка.

(3) Потписникот признава дека грижата за децата е заедничка одговорност на мажот и жената, како и на општеството во целина, и се залага против стереотипно гледиште според кое грижата за децата се смета првенствено како обврска на жената.

Член 17- Грижа за други лица

(1) Потписникот прифаќа дека жените и мажите освен kon своите деца, имаат обврска и за другите лица кои ги издржуваат, , и дека таквата обврска може да влијае на нивната способност да имаат потполна улога во економскиот и социјалниот живот.

(2) Потписникот е свесна дека таквата обрска обично паѓа на жената, и одтука е бариера на принципот за еднаквост на половите.

(3) Потписникот ќе се бори соодветно против оваа нееднаквост преку:

- Промовирање на висококвалитетни грижа за тие лица, пристапна до сите, директно или преку обезбедувачи на такви услуги, како една од своите приоритети.
- Поддржување и промовирање на можности за лицата кои биле социјално изолирани.
- Кампања против стереотипите дека грижата за лицата кои се издржувани е првенствена обврска на жените.

Член 18- Социјална инклузија

(1). Потписникот признава дека секој треба да биде заштитен во борбата против немаштијата и социјалната изолација, особено жените кои генерално се тие кои повеќе страдаат бидејќи имаат помал пристап до finansiski sredstva, услуги, добра и можности во споредба со мажите.

(2). Затоа, потписникот на договорот, во рамките на своите активности и услуги, како и во работењето со партнерите, ќе ги превземе следните мерки со цел сеопфатен координиран пристап за:

- Промовирање на ефективен пристап на сите кои живеат или се на работ на социјална изолација и беда, до вработување, обуки, образование, култура, информациска и комуникациска технологија, социјална и медицинска помош.
- Потписникот ги има во предвид посебните потреби и ситуациите во кои се наоѓаат жените кои се социјално изолирани.
- Потписникот промовира интегрирање на мигранитите, имајќи ги предвид нивните специфични потреби.

Член 19 - Домување

(1). Потписникот го почитува правото секој да има сопствен дом, и афирмира пристап до квалитетен сопствен дом како една од најесенцијалните човекови потреби, неопходна за добросостојбата

на индивидуата и неговата или нејзината фамилија.
(2). Потписникот е свесен дека мажите и жените често имаат специфични и различни потреби во поглед на домувањето, што мора да се има предвид, вклучувајќи го фактот дека:

(а). Во просек, жените имаат помали примања и ресурси од мажите, и затоа бараат дом кој можат да си го дозволат;

(б). Жените се глава на домаќинството во најголемиот дел од фамилиите со еден родител, и бараат социјални станови;

(в). Мажите се бројно повеќе застапени помеѓу бездомниците.
(3). Имајќиго сето ова предвид, потписникот, се обрзува:
1. Да обезбедува и да промовира пристап до пристоен дом со адекватна големина во нормална животна средина, каде има пристап до неопходните услуги.
2. Превзема чекори за превенција на бездомништвото, посебно грижејќи се за лицата кои немаат дом, базирајќи се на критериуми како потреба, недискриминација и слично.
3. Колку е можно, да помага во креирање соодветни пристапни цени на домовите за лицата кои ги немаат потребните средства.

(4). Потписникот, исто така се залага за промовирање на правото како на мажите, така и на женита да бидат станари, сопственици, или da mo`at da primenat некои други форми на сопственст на нивниот дом, kako i да im се овозможи и на жените да земаат хипотеки или други форми на финансиска помош и кредити за решавање на станбеното прашање.

Член 20 – Култура, спорт и рекреација

(1) Потписникот го признава право на секој да учествува во културниот живот, како и правото да ужива во уметноста.
(2) Потписникот ја признава важната улога на спортот и неговата контрибуција во животот на заедницата, како и обезбедување на правото на здравство, како што е веќе потенцирано во член 14. Признава дека жените и мажите имаат право на еднаква достапност до културните, рекреативните и спортските активности и објекти.
(3) Потписникот признава дека жените и мажите може да имаат различни искуства и интереси поврзани со културата, спортот и рекреацијата и дека тоа може да е резултат на полови стереотипни односи и акции, поради што комисиите сами треба да спроведат мерења за:

- Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата имаат еднакви можности и достапност за спортување, рекреација и култура, како и достапност до сите објекти

- Да поттикнат подеднакво учеството на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортските и културните активности, вклучително и во оние активности кои традиционално се сметаат за “женски” или “машки”

- Да поттикнат промоција на културните и спорските активности од страна на културните и спортските асоцијации, како предизвик за стереотипните гледишта на жените и мажите

- Да ги поттикнат сервисите на јавните библиотеки да бидат предизвик за половите стереотипи во нивниот избор на книги и други материјали, како и промоција на нивните активности

Член 21 – Безбедност и заштита

(1) Потписникот го признава правото на секоја жена и секој маж за личната безбедност, правото на слобода на движење, како и тоа дека овие права неможат да бида слободн практикувани доколку жените и мажите се небезбедни и незаштитени, било во приватниот или јавниот домоен, или доколку тие се чувствуваат несигурни или незаштитени.

(2) Потписникот признава дека жените и мажите , во делот на разлики во обврските и стилот на живот, често се среќаваат со различни проблеми од сверата на заштитата и безбедноста, на кои треба да се обрне внимание.

(4) Поради тоа потписникот се обврзува:

(а) да ги анализира од полова перспектива статистиките кои се однесуваат на количината и шемата на инциденти (вклучително и сериозните криминални дела против индивидуата) кои влијаат на безбедноста на жените и мажите и доколку е можно се изврши мерење на нивото и природата на стравот од криминалот или други видови на несигурност

(б) да развијат и имплементираат стратегии, политики и дејствија, вклучително и специфични подобрувања во државата или редизајн на локалната средина (на пример, јавниот транспорт, паркинг простор, улично осветлување), или за слични сервиси, за практично подобрување на безбедноста на жените и мажите; да бара начини за намалување на перцепцијата за недостаток на заштита и сигурност

Член 22 – Полово базирано насилство

(1) Потписникот го препознава(признава) половото насилство, од кое попогодени се жените, ги утврдува прекршоците на основните човекови права и она што претставува навреда за дигнитетот, како и психичкиот и емоционалниот интегритет на човечките суштества.

(2) Потписникот признава дека половото насилство потекнува од идеја од страна на прекршителот, од супериорноста на едниот пол

врз другиот во контекст на нееднаков однос на сила.

(3) Поради тоа потписникот се обврзува да ги воспостави или зајакне политиките и дејствијата против половото насилство, вклучувајќи:

- Обезбедување на посебни структури како подршка на жртвите
- Обезбедување на јавни информации, на секои од јазиците кои се во употреба, за асистенција која е достапна во таа област
- Да обезбеди тренинг и обука на службите кои работат со жртви на полово насилство
- Да обезбеди ефективна соработка помеѓу релевантните служби, како на пример: полициските, здравствените и службите од областа на домувањето
- Да промовира кампањи за подигање на свеста, како и едукативни програми во кои целна група би биле потенцијалните и оние кои се жртви на полово насилство и прекршителите(насилниците)

Член 23 – Трговија со луѓе

(1) Потписникот го препознава криминалот со трговија на луѓе, кој повеќе ја погодува женската популација (жени и девојчиња), ги утврдува прекршувањата на основните човекови права, како и навредите врз дигнитетот и психичккиот и емоционалниот интегритет на човечките суштества.

(2) Потписникот презема мерки за воспоставување и зајакнување на политиките и дејствијата кои би довеле до заштита од трговијата со луѓе, како:

- Информирање и кампањи за подигање на свеста
- Обезбедување на тренинг и обука на службите кои работат на идентификација и поддршка на жртвите
- Мерки за немалување на барањето за трговија со луѓе
- Воспоставување на мерки за помош на жртвите од трговија со луѓе, вклучувајќи достапност до лекарски третман, адекватно и безбедно домување и јазичен превод.

ПЛАНИРАЊЕ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Член 24 – Одржлив развој

(1) Потписникот препознава дека планирањето и развојот на стратегии од својата област, принципите за одржлив развој мора да се целосно испочитувани, вклучувајќи избалансирана интеграција на економски, социјални, еколошки и културни димензии, а посебно вклучување на потребата за промоција на идејата за еднаквост помеѓу жените и мажите.

(2) Потписникот се обврзува да го почитува правото на еднаквост помеѓу жените и мажите како фундаментална димензија на секое планирање или развој на стратегии на одржлив развој.

Член 25 – Урбано и локално планирање

(1) Потписникот ја знае важноста на просторниот, транспортниот, економскиот развој и креира политики и планови за создавање на услови во кои правото за еднаквост на жените и мажите во секојдневното локално живеење мора да биде целосно исполнето.

(2) Потписникот се обврзува дека при изготвувањето, усвојувањето и имплемантацијата на политиките и плановите ќе:

- Ќе промовира еднаквост на половите во секој аспект на локалното живеење
- Специфичните потреби на жените и мажите, на пример во однос со вработувањето, пристап до услуги, културно живеење, образование и семејни обврски, врз основа на релевантни локални и други податоци, се целосно земени во предвид
- Ќе се усвојат високо квалитетни решенија кој ќе ги имаат во предвид специфичните потреби на жените и мажите

Член 26 – Мобилност и транспорт

(1) Потписникот признава дека мобилноста и пристапот до сретствата за транспорт се основни услови за жените и мажите да можат да остварат многу од нивните права, задачи и активности, вклучително пристапот до работа, образование, култура и сите останати основни сервиси. Потписникот е свесен дека самоодржливоста и успехот на општината или регионот зависи во одредена мерка од развојот на ефективна, висококвалитетна транспортна инфраструктура и јавен транспортен сервис.

(2) Потписникот признава дека во често, во пракса, жените и мажите имаат различни потреби, како и шеми на употреба поврзани со мобилноста и транспортот, врз основа на фактори како приходите, извршување на одговорности. Потписникот е свесен дека поголем дел од популацијата која го користи јавниот превоз е женска.

(3) Потписникот се обврзува:

(а) Да ги земе во предвид релевантните мобилни потреби, шеми на транспортна употреба, на жените и мажите подеднакво, како и на оние од урбаните и руралните заедници.

(б) Да се осигура дека транспортните сервиси достапни до граѓаните одговараат на специфичните и на секојдневните потреби на жените и мажите, како и во реализацијата на вистинската еднаквост на жените и мажите во локалниот живот.

(4) Потписникот, понатаму се обврзува себеси да промовира прогресивен напредок на јавните транспортни сервиси врзани за оваа област, вклучувајќи интермодална конекција со цел да се одговори на специфичните и секојдневните потреби на жените и мажите за правилен, сигурен и достапен транспорт, како и за контрибуција за негов одржлив развој.

Член 27 – Економски развој

(1) Потписникот признава дека постигнувањето на балансиран и одржлив економски развој е витална компонента за успешна општина или регион, како и дека активностите и услугите на ова поле може да придонесат за воспоставување на еднаквост меѓу жените и мажите.

(2) Потписникот ја знае потребата за зголемување на бројот и квалитетот на женски вработени, признава дека ризиците на сиромаштија се поврзани со долготрајна невработеност и неплатена работа која е значајно поголема клај жените.

(3) Потписникот се самообврзува, во врска со активностите и услугите од полето на економскиот развој, да ги земе во предвид(потполно) потребите и интересите на жените и мажите, како и можностите за еднакво напредување меѓу половите и превземање на соодветни мерки за извршување на истите. Некои од мерките вклучуваат:

- Помош за жени претприемачи
- Обезбедување на финансиска и друга помош за претпријатијата кои промовираат еднаквост меѓу половите
- Поттик за жените да се обучат за вештини и да се здобијат со квалификации за работи кои традиционално се сметале за “машки” и обратно
- Потикнување за работодавците да регрутираат жени учесници и тренери за вештини, квалификации и позиции кои традиционално се сметани за “машки” и обратно

Член 28 – Околина (животна средина)

(1) Потписникот е свесен за својата одговорност да работи на подобрување на нивото на заштита и подобрување на квалитетот на животната средина вклучувајќи локални политики кои ги третираат прашањата на отпад, бучава, квалитет на воздух, биодиверзитет, како и импактот од климатските промени. Потписникот ги признава еднаквите права на жените и мажите во користење на на услугите и политиките од областа на животната средина.

(2) Потписникот знае за различните стилови на живот на жените и мажите од различни места, како и за тоа дека жените и мажитеможат да тежнеат кон промениво врска со употребливоста на локалните сервиси(услуги), како и на јавните отворени простори, или пак може да се соочуваат со различни проблеми од областа ан животната средина.

(3) Потписникот се самообврзува при развојот на политиките и услугите од оваа област да има потполна посветеност кон специфичните потреби и животен стил на жените и мажите, како и посветеност према принципот на солидарност на генерации.

РЕГУЛАТИВНА УЛОГА

Член 29 – Локалната самоуправа како регулатор

(1) Потписникот ги извршува задачите и одговорностите како регулатор за релевантни активности во оваа област, ја препознава важната улога на ефективната регулатива и заштитата на корисникот(потрошувачот), како и тоа дека регулативните активности може различно да влијаат врз жените и мажите.

(2) Потписникот се самообврзува да ги извршува регулаторните задачи, земајќи ги во предвид специфичниоте околности, како и потреби и интереси на жените и мажите.

ЗБРАТИМУВАЊЕ И ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

(1) Потписникот ја препознава вредноста од збратимувањето и соработката со Европски и интернационални локални и регионални власти, бенефитот од зближувањето на ниво на граѓанио и воедно промовира взаемно учење преку интернационалните граници.

(2) Потписникот се самообврзува во своите активности од полето на збратимувањето и соработка со Европски и интернационални локални и регионални власти :

- Да вклучи жени и мажи со различни потекла на сите нивоа од овие активности.
- Да ги искористи релациите со Европските и интернационалните партнерства како платформа за размена на искуства и взаемно учење на

активности поврзани со еднаквоста на жените и мажите.

- Да вклучи димензија на полова еднаквост во кооперативните децентрализирачки активности.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Годишната Програма на ЈОУДГ ”Ацо Караманов” во Радовиш за 2014/2015 година-1
ОДЛУКА За давање Согласност на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Ацо Караманов" во Радовиш за 2014/2015 година---------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на дополнувањето на ЕКО Годишната Програма на ООУ "Кирил и Методиј" Ораовица за 2014/2015 година ---------- 1
ОДЛУКА За давање Согласност на дополнувањето на ЕКО Годишната Програма

на ООУ "Кирил и Методиј" Ораовица за 2014/2015 година ---------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на дополнувањето на Годишната програма за работа на ООУ "Орце Николов" с.Ињево Радовиш за учебната 2014/2015 година ---------- 2
ОДЛУКА За усвојување на дополнувањето на Годишната програма за работа на ООУ "Орце Николов" с.Ињево Радовиш за учебната 2014/2015 година ---------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Европската Повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници ---------- 2
ОДЛУКА За усвојување на Европската Повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници ---------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за трајно отстапување на користење и управување на училишна спортска сала во ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш --- 3
ОДЛУКА за целосно и трајно отстапување на користење и управување на училишна спортска сала на ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш ---------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за активностите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2013 година ---------- 3
ОДЛУКА За усвојување на Годишниот Извештај за активностите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2013 година ---------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување членови на Надзорниот орган на ЈОУДГ "Ацо Караманов" во Радовиш ---------- 4
РЕШЕНИЕ за разрешување членови во Орган за надзор во ЈОУДГ за деца "Ацо Караманов" Радовиш ---------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување членови на Надзорниот орган на ЈОУДГ "Ацо Караманов" во Радовиш ---------- 4
РЕШЕНИЕ за именување членови во Надзорен Орган во ЈОУДГ за деца "Ацо Караманов" Радовиш ---------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Меѓуоштинскиот Центар за социјална работа во Радовиш------ 5
РЕШЕНИЕ За разрешување и именување на претставник од ЕЛС - Радовиш во Управниот одбор на Центарот за социјална работа во Радовиш ---------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште,одржување на комунални објекти и локални патишта за 2014 год. на општина Радовиш бр.07-2563/2 од 20.12.2013 година ---- 5
ПРОГРАМА Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2014 година во општина Радовиш број 07-2563/2 од 20.12.2013год. ------ 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата на потреби за функционирање на администрацијата во единицата на локалната самоуправа Радовиш за 2014 година бр.07-2375/1 од 02.12.2014 година ---------- 11
ПРОГРАМА за измена и дополнување на програмата на потреби за функционирање на администрацијата во единицата на локална самоуправа-Радовиш за 2014 година број 07-2375/1 од 02.12.2014 година ---------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Радовиш со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти-----11
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко планска документација за КО Радовиш со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Радовиш со која ќе се изврши промена на сообраќајната инфраструктура и вклопување на бесправно изградени објекти ---------- 12
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко планска документација за КО Радовиш со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Радовиш со која ќе се изврши усогласување на намени и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 13
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намени и вклопување на бесправен објект во КО Радовиш ---------- 13
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Подареш со

која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 13
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко планска документација за КО Подареш со која ќе се изврши вклопувањена бесправено изградени објекти ---------- 13
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Ињево со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 14
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко планска документација за КО Ињево со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти----------14
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Калуѓерица со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 15
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко планска документација за КО Калуѓерица со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти ---------- 15
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување урбанистичко-планска документација за КО Ораовица со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 15
ОДЛУКА за донесување на урбанистичко планска документација за КО Ораовица со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на бесправно изградени објекти---------- 16
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на здружението СМАРТ СПОРТ за одржување на манифестацијата Самун ем Татлија ---------- 16
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства здружението СМАРТ СПОРТ за манифестацијата Самун ем Татлија---------- 17
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФА Јени Хајат Радовиш ---------- 17
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ФА Јени Хајат Радовиш ---------- 17
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Бригита Јованова од Радовиш -- 17
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Бригита Јованова од Радовиш---18
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Кошаркарски клуб ”Радовиш” Радовиш ---------- 18
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Кошаркарски клуб ”Радовиш” Радовиш ---------- 18
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗГ Мускуклна Уметност Радовиш---------- 18
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Здружение за фитнес и боди-билдинг Мускулна Уметност Радовиш----- 18
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства ЗГ Смарт Спорт Радовиш за организација на традиционален турнир во мал фудбал ---------- 19
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЗГ Смарт Спорт Радовиш за организација на традиционален турнир во мал фудбал ---------- 19
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФА ”Китка” Ораовица---------- 19
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ФА ”Китка” Ораовица ---------- 19
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Радовиш за 2014 год.--20
Измени и дополнување на Буџетот на Општина Радовиш за 2014 година ---------- 20
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за расходување на претходните и потреба од набавка на нови преносни компјутери за потребите на Советот на општина Радовиш ---------- 53
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства за расходување на претходните и потреба од набавка на нови преносни компјутери за потреби на Советот на општина Радовиш ---------- 53
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш---------- 53
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш ---------- 54

ДРУГИ АКТИ

Европска повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници ----54